РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЕЛС МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ул. „Каменичка“ бб – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk

Бр. 10-506/6
17.04.2025

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/23,224/24,40/25) и член 49 од Статутот на општина М. Каменица (Сл. Гласник на општина М. Каменица бр. 20/19), Градоначалникот на општина М. Каменица и Годишната програма за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на територијата на Општина Македонска Каменица за 2025 го дава следново соопштение :

С О О П Ш Т Е Н И Е

За организирање на ЈАВЕН УВИД на изработен Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет до 1MW Луковица 1, на дел од КП 910 и дел од КП 911 , КО Луковица, Општина Македонска Каменица изработена од ДУТП “АКВА –ИНГ” ДОО Штип со тех.број04-01/25 од 01.2025, постапка во е-урбанизам 69004.

Проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет до 1MW Луковица1, на дел од КП 910 и дел од КП 911 , КО Луковица, Општина Македонска Каменица е со површина од 0.87 ха. и зафаќа дел од КП 910 и дел од КП 911 , КО Луковица.

Проектната документација се изработува по прифатена иницијатива за изработка на урбанистичка документација од страна на Комисијата за урбанизам на Општина Македонска Каменица и одобрена проектна програма.

Јавниот увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани со капацитет до 1MW Луковица 1, на дел од КП 910 и дел од КП 911 , КО Луковица, Општина Македонска Каменица ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната web страна на Општина Македонска Каменица : **www.makedonskakamenica.gov.mk** и во електронскиот систем е-урбанизам.

Јавниот увид ќе трае 15 дена од објавувањето на соопштението започнувајќи од 18.04.2025 до 05.05.2025 год.

Во споменатиот период може да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Анкетните листови за учество можат да се подигнат од просториите на Општината – одделение за урбанизам, и во електронскиот систем е-урбанизам во определениот рок.

Изготвил:
Александра Д. Ангеловска, диа

Градоначалник
Димчо Атанасовски
с.р.